Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ " бр.53/05,81/05,24/07,159/08,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 , 99/18, ),Општина Охрид, на ден 26.07.2021 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ ДУП за УЗ 12, УБ 12.1-опфат 2,(изменување и дополнување) КО Охрид 2 и КО Охрид 4 Општина Охрид, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина .

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Охрид, www.ohrid.gov.mk

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став(4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП за УЗ 12, УБ 12.1-опфат 2,(изменување и дополнување) КО Охрид 2 и КО Охрид 4, Општина Охрид, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето и изработувањето на планот е предвиден во Програма за измени и дополнување на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022, донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-9790 од 09.11.2020г, а основ е постојниот ГУП за град Охрид. Со реализација на планскиот документ е предвидена следната класа на намени: А1-домување во станбени куќи, А2-домување во станбени згради, Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури и Д1-паровско зеленило, со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основната, во рамки на дозволениот процент. Во планскиот документ се содржат мерки за заштита од сите аспекти, а овој плански документот нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Исто така во планскиот опфат зеленилото се предвидува во рамките на градежната парцела. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите на овој плански опфат.

4.Против ова одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.

Место
Охрид

Име и презиме
Градоначалник

Д-р Константин Георгиески

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за<br>УЗ 12, УБ 12.1-опфат 2,(изменување и дополнување) КО Охрид 2 и КО Охрид 4<br>Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бранко Арнаудоски |
| Назив на работното место | Пом. Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; 070/348-348 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| По барање на физички лица, а согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), а по прифатена иницијатива за изработка на ДУП за УЗ 12 Блок 12.1 опфат2 (Измена и дополна), КО Охрид 2 и КО Охрид 4, општина Охрид, се пристапи кон изработка на Предлог Планска програма. По прифатената Иницијатива од страна на донесувачот на планот, планскиот опфат е дополнет во Програма за измени и дополнување на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022, донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-9790 од 09.11.2020г. За изработка на планскиот опфат ДУП за УЗ 12 Блок 12.1 опфат2 (Измена и дополна), КО Охрид 2 и КО Охрид 4 општина Охрид, е потпишан трилатерален договор (Општина, Нарачател, Изработувач) под бр.09-8484/1 од 29.09.2020г. од Оштина Охрид, Нарачателот и Изработувачот бр. 0307-76/1 од 18.08.2020г. Согласно член 25 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр .32/20), Детален урбанистички план се изработува врз основа на донесена Планска програма изработена согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр .32/20) и чл.21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ бр. 225/20), со која се утврдува границата и содржината на планскиот опфат и истата се состои од текстуален и графички дел. Планската програма за изработка на Детален урбанистички план за потребите на правни и физички лица се изработува од страна на правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови. Врз основа на потпишан трилатерален договор, изработена е Планската програма од страна на ДПУП „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО” доо Гостивар. Во постапката на изработување, предлог планската програма се става на јавен увид на партиципативното тело од член 46 од законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), при што прифатливите предлози и сугестии на телото се вградуваат во планската програма. Планската програма ја одобрува Градоначалникот. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да ☐<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| / |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да се воспостави планска релација помеѓу пожелното и реалното, да се испитаат можностите за максимално користење на постојниот фонд на објекти и инфраструктурата и нивно усогласување со веќе планираните содржини со постојниот ГУП на град Охрид од 2006 година |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Границата на планскиот опфат за изработка на ДУП за УЗ 12 Блок 12.1 опфат2 и КО Охрид 4 (Измена и дополна), општина Охрид, која е предмет на деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 2,016ха, и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следнте улици:<br>• ул.,Сирма Војвода"со ознака Се1<br>• краци на ул.,,Сирма Војвода" со ознаки 1 и 2<br>• ул.,,Карпош Војвода"со ознака С5<br>• ул.,,Лазо Трпкоски"со ознака 3<br>ДУП за УЗ 12 Блок 12.1 опфат2 (Измена и дополна), КО Охрид 2 и КО Охрид 4, општина Охрид, се наоѓа во границите на УЗ 12, УБ 12.1, Охрид, Општина Охрид. Границата на планскиот опфат е затворена полигонална линија и истата оди по совините на постојните односно планираните улици и тоа: на северозападната страна границата започнува од вкрстосувањето на улица ,,Сирма Војвода"(Се1) со улица ,,Лазо Трпкоски"(3), продолжува кон југоисток по улица ,,Сирма Војвода"(Се1) и оди се до вкрстосување со крак на улица ,,Сирма Војвода"(2), свртува кон југозапад по крак на улица ,,Сирма Војвода"(2) и оди се до вкрстосувањето со вториот крак на улица ,,Сирма Војвода"(2) од североисточната страна, свртува кон југоисток по вториот крак на улица ,,Сирма Војвода" (2) од североисточната страна и оди се до вкрстосувањето со третиот крак на улица ,,Сирма Војвода"(1), свртува кон југозапад по третиот крак на улица ,,Сирма Војвода"(1) од југоисточната страна и оди се до вкрстосувањето со улица ,,Карпош Војвода"(С5) од југозападната страна, свртува кон северозапад по улица ,,Карпош Војвода"(С5) и оди се до вкрстосувањето со улица ,,Лазо Трпкоски"(3) од северозападната страна, и свртува кон североисток по улица ,,Лазо Трпкоски"(3) и оди се допресекот со улица ,,Сирма Војвода"(Се1), каде што и започнува. Големината на планскиот опфат изнесува 2.016 ха. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(**Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидени следните класи на намени:<br>А1-домување во куќи, А2-домување во згради , Е1-сообраќајни,линиски и други инфраструктури |

<table>
<tr><td colspan="2">и Д1- парковско и пејсажно зеленило со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основната, во рамки на дозволениот процент од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр.225/20). Во планскиот документ се содржат мерки за заштита од сите аспекти, а овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;</td><td>Просторот кој е предмет на изготвување на оваа планска документација е со намена домување.<br>При изградба на станбените објекти предвидени со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема да влијае битно врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Со реализација на планскиот документ нема да има значајно влијание врз микроклимата. Ќе биде обезбедено водоснабдување од локалната водоснабдителна мрежа,а планскиот опфат целосно ќе биде покриен со фекална и атмосферска канализација. Исто така во планскиот опфат зеленилото се предвидува во рамките на градежните парцели.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители.Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини-индустрија, сервиси,хотелиерство, културно-историски споменици и др.Предметниот простор се наоѓа во источниот дел на градот и има површина од 2,016 ха.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ ќе се добие исклучиво позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите на овој плански опфат.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планираните објекти ќе добие зголемена вредност.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Областа е еколошки чиста и нема некои посебни карактеристики. Врз основа на Елаборатот за заштита на недвижното културно наследство изработен за ГУП-Охрид, за подрачјето на планскиот опфат кој е предмет на анализа нема регистрирано недвижни споменици на културата . Доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на</td><td>Нема влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, ниту пак ќе дојде до надминување на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **животната средина или граничните вредности** | граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат претставува градежно земјиште бидејќи се наоѓа во градежен опфат и нема интензивна употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со реализација на планскиот документ се предвидени следните класи на намени: А1-домување во куќи, А2-домување во згради , Е1-сообраќајни,линиски и други инфраструктури и Д1-парковско и пејсажно зеленило со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основната, во рамки на дозволениот процент од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр.225/20). Во планскиот документ се содржат мерки за заштита од сите аспекти, а овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Реализацијата на планскиот документ нема да има негативно влијание на околината.Во близина на просторот кој е предмет на планирање се наоѓа зона која исто така е со намена домување.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени, со цел да се подигне нивото на урбаниот развој на градот, да се искористат рационално постојните сообраќајници, а со цел максимално искористување на просторот. Со планот за зеленило предвидено е озеленување на дворната површина во рамки на парцелите што ќе придонесе за зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот како и за одржлив развој и намалување на еколошките проблеми.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Реализацијата на планскиот документ нема да продуцира проблеми кои негативно би влијаеле врз животната средина, напротив, целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при истовремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот простор досега е предмет на обработка на ГУП на град Охрид(2002-2012). Во овој просторно плански документ градот Охрид е третиран во системот на урбани населби-град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. При изработка на планскиот опфат во целост се почитувани намената за спроведување на планот од важечкиот ГУП на град Охрид, како и поставките и насоките на просторниот план на РМ донесен 2004година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

При планирањето на долгорочниот просторен развој на градските населби се користат насоките и стратешките определби на планските документи од повисоко ниво, како што е ГУП за Охрид(2002-2012) како и поставките и насоките на Просторниот план на РМ. Нема разлика во клучните одлуки.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Во рамки на планскиот опфат не е предвидена реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина и поради тоа сметаме дека нема потреба истиот да подлежи на нови оценувања.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Д-р.Константин Георгиески |
| Датум 26.07.2021г.<br>Место Охрид | М.П. |